**Премиерот Зоран Заев** на денешната (22.5.2019 год.) конференција на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) ја потврди политичката волја за подобрување на моделот на државно финансирање. Тој истакна дека Владата веќе презема чекори и очекувањата се дека по дискусиите со граѓанските организации кои се планирани многу брзо, **тој модел би се финализирал веќе во септември оваа година**. Премиерот истакна дека со притисокот на граѓанските организации и јавноста за транспарентно работење на Владата и институциите **во 2018 година имаме заштеда од околу 100 милиони евра во буџетот на државата**. „Доброто управување заедно со транспарентноста може да алоцира средства за јакнење на граѓанските организации коишто неколкукратно ќе ги вратат назад во буџетот“, додаде тој.



**Борис Копривникар**, поранешен министер за Јавна администрација и потпретседател на Владата на Република Словенија (2014-2018), го сподели нивниот модел на државно финансирање. Тој одговори на најчестото прашање: **зошто граѓанските организации да се финансираат од државниот буџет?**
„Организациите го зголемуваат општествениот придонес, ги поддржуваат јавните услуги и се коректори на политичките одлуки. Тоа значи дека **финансирањето не се сфаќа како донација, туку како плаќање за добрите услуги кои ГО ги вршат**“, рече Копривникар.

За искуството од Романија и подетално за романската фондација за развој на граѓанското општество говореше нејзиниот директор, **Јонут Сибиан**. Тој стави акцент на **потребата од институција ослободена од политичко влијание**, како и на важноста на **комплементарното локално финансирање** кое го растеретува притисокот врз државата, а од друга страна посочи дека **половина од државните социјални услуги ги спроведуваат граѓански организации што е голема заштеда за државата.**

**Министерката за правда, Рената Дескоска**, се осврна на улогата на Министерството по ова прашање со оглед на тоа што е одговорната институција за спроведување на Законот за здруженија и фондации и ја потврди отвореноста на Владата за соработка. Според нејзе, полиитчката волја постои, а **одржливоста на граѓанскиот сектор покрај директната финансиска поддршка зависи и од индиректната поддршка**, односно подобрување и на други сегменти од законската и даночната рамка. За таа цел, меѓу другото  Министерството веќе соработува со граѓански организации за измени и дополнувања во Законос за донации и спонзорства во јавните дејности. За **Ирена Иванова** од Делегацијата на ЕУ, организациите веќе треба да размислуваат за наредната скала во процесот, односно **воведувањето на критериумите за квалитет и стандардизација**.

**Фани Каранфилова-Пановска**, претседателка на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор и директор на ФООМ; ја потенцираше улогата на Советот во поттикнувањето на непречен развој на граѓанското општество. „Она што нас треба

повеќе да не интересира е **како државните механизми и распределбата на средства нема да влијаат на интегритетот на граѓанските организации, а истовремено да ја осигураат нашата одржливост**“, додаде таа.

**Емина Нурединоска** од МЦМС ги сподели податоците за периодот од 2006 до 2019 година, со што јасно се гледа растот на средствата и подобрувањето на климата за граѓанските организации, иако тие останувaат незначителни споредено со регионалните практики. Таа истакна дека, **целите на подобрениот реформираниот модел за државно финансирање на граѓанските организации** треба да се однесуваат на:
**зголемување на висината на средства** наменети за финансирање на ГО;
**обезбедување институционална поддршка** за граѓанските организации;
**обезбедување кофинансирање** на активностите кои се поддржани од други донатори; напуштање на праксата на едногодишно и неизвесно финансирање, и градење свесност и пракса за повеќе годишни организациска и проктна поддршка;
**зголемена висина на индивидуалните грантови**; унапредување на транспарентноста, ефективноста и отчетноста на постапката на дистрибуирање на средствата; зголемена отчетност и транспарентност на граѓанските организации за потрошените средства доделени од страна на државата, но и општо во нивното работење; обезбедување соодветна географска распределба на поддршката од државата за граѓанските организации.